ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

T.C. SAYIŞTAY
Turkish Court of Accounts

03-798/1
03.07.2023

АНЕКС

НА ДОГОВОРОТ ЗА ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА ОД 2 ОКТОМВРИ 2018 ГОДИНА
МЕЃУ СУДОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И
ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 2 октомври 2018 година, Судот за ревизија на Република Турција (ТСР) и Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија (ДЗР) одржаа заеднички состанок во Скопје (Република Северна Македонија) на која беше истакнато значењето на соработката меѓу двете врховни ревизорски институции (ВРИ) и беа договорени областите со приоритетни активности на соработка.

Областите договорени согласно условите на Меморандумот за разбирање потпишан во октомври 2018 година првенствено вклучуваат:

- имплементација на меѓународните ревизорски стандарди за јавниот сектор и добрите европски практики;
- развивање професионална и техничка соработка меѓу Страните, обезбедување взаемна помош преку обуки за вработените, споделување информации и податоци за активностите на Страните;
- размена на искуства за подобрување на методологијата за државната ревизија.

Сепак, со оглед на развојот на настаните, стана неопходно да се ревидира потпишаниот Меморандум за разбирање и да се зајакне соработката со утврдување на контакт лица за двете ВРИ.

Во пракса тоа подразбира:

ТСР и ДЗР се заинтересирани да ја зајакнат меѓусебната соработка конкретно на полето на ревизија на Целите за одржлив развој (ЦОР) и употребата на вештачката интелигенција (ВИ) во ревизиите.

По усвојувањето на Агендата за ЦОР, Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI) нагласи дека ВРИ даваат поддршка и играат улога во зајакнувањето на националните, регионалните и глобалните напори за имплементација на ЦОР, како и во проверката и следењето на нивниот напредок. Исто така, презентираше модели за пристап кои треба да ги следат ВРИ во однос на нивниот придонес во овој процес. Оценувањето на подготвеноста на земјата да ги оствари ЦОР е првата стратегија која ја претстави INTOSAI. Многу земји извршија ревизија на развојниот процес на ЦОР во рамките на оваа парадигма.

Според „Истражувачкиот документ за иновативна ревизорска технологија“ издаден од Работната група за големи податоци на INTOSAI во септември 2022 година, ВИ може да се смета за технолошка алатка за подобрување на квалитетот на ревизијата. Големиот обем на

податоци кои се обезбедуваат за време на ревизијата има поголема вредност сега кога технологијата за ВИ овозможува брза обработка на податоци. Технологијата за ВИ, исто така, ги намали трошоците и времето потребно за обработка на толкава количина на податоци.

Во таа насока, Страните на овој Меморандум планираат да организираат обуки за споделување информации и градење капацитети преку изготвување на Акциски план во рамките на соработката за горенаведените прашања.

Откако ќе се утврдат примарните активности на полето на ревизија на ЦОР и ревизија на ВИ, истите ќе бидат соопштени и дискутирани со цел заеднички да се дизајнираат предлог-условите за соработката.

Како претставници на нашите ВРИ, се согласуваме да ги извршуваме нашите улоги и одговорности на најдобар можен начин со цел да обезбедиме успешен развој на оваа напредна техничка соработка.

Овој Анекс стапува на сила веднаш штом ќе биде ратификуван од раководителите на двете ВРИ.

Доколку некоја од Страните писмено извести за својата намера да се откаже од постапувањето по Анексот, Анексот ќе биде неважечки. Таквото известување треба да се достави еден месец претходно.

Овој Анекс е потпишан во два оригинални примероци, секој на турски, македонски и англиски јазик, а сите текстови се подеднакво автентични. Во случај на било каков спор во однос на одредбите на овој Анекс, англиската верзија ќе биде обврзувачка.

За прашања кои не се споменати овде, како референца ќе се смета Меморандумот за разбирање од 2 октомври 2018 година.

Потпишан во Анкара, јули 2023 година

| За Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија | За Судот за ревизија на Република Турција |
|---|---|
| Максим АЦЕВСКИ | Метин ЈЕНЕР |
| Главен државен ревизор | Претседател |

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА Скопје
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut